Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-722/2

______ година

23-12-2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-722/1 од 26.11.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со седиште [redacted] во Скопје, против [redacted], за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-722/1 од 26.11.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против [redacted] - професор во Институт за социолошки и политичко – правни истражувања, **поради немање активна легитимација за поднесување на претставка за заштита од дискриминација,** а врз основа на член 23 став (3) од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: **Комисијата**) поднесена е претставка за заштита од дискриминација од подносителот [redacted], [redacted] од Скопје против [redacted] - професор во Институт за социолошки и политичко – правни истражувања, за извршена дискриминација по основ на етничка припадност преку социјалната мрежа Facebook.

Во претставката се наведува дека пријавеното лице Мирјана Најчевска на 08.11.2024 година на својот профил на социјалната мрежа Facebook објавила објава со следната содржина:

**"Како што реков, Бугарија не заслужува да биде членка на ЕУ. Тие имаат елементарен интелектуален капацитет да се соочат со минатото, со уметноста, со слободата на изразување.**
**Ајде бре ЕУ еден ветинг. Крајно време е."**

Оваа објава според подносителот има 64 реакции – допаѓања, 2 коментари и 3 споделувања. Воедно објавата е споделена и на web порталот [redacted]

Со оваа објава според подносителот, [redacted] го омаловажува интелектуалниот капацитет на Бугарија вклучувајќи го народот, коментирајќи пост за инцидент кој се случил во Националниот театар во Софија, со зборовите дека Бугарија

нема елементарен интелектуален капацитет за да се соочи со минатото, уметноста и слободата на изразување па поради тоа ЕУ треба темелно да истражи дали Бугарија е прифатлива во ЕУ.

Понатаму подносителот наведува дека со ваквата објава пријавената иако како доктор на наули и професионален интерес меѓудругото и се човековите права, ширела говор на омраа кон самата држава Бугарија, македонските бугари и без докази, со што поттикнувала омраза, раздор, нетрпеливост и повикувала и поттикнувала дискриминација врз основа на потекло национална и етничка припадност конкретно кон граѓаните на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание со повреда на нивното достоинство и потекло.

Врз основа на изнесените наводи во предметната претставка се утврди дека подносителот на претставката, [redacted] од Скопје, во конкретниот случај нема активна легитимација за поднесување на претставката што е услов утврден со член 23 став (3) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Ова со оглед на целите на Здружението кои се видни од приложената тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Од овие причини Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
19.12.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД